Регионалниот форум на Цивика мобилитас, на тема: „ Процесот на децентрализацијата во Македонија “ што се одржа на вчера (19 јули 2018 година) уште еднаш ја потенцираше потребата од дебата и реформи кои ќе ја направат децентрализацијата функционална.




„Форумот е уште еден **пример за соработката** што постојано ја иницира **Цивика мобилитас**, овде, покрај претставниците на граѓанските организации се и претставници на локалните и националните институции“, рече на отворањето Питер Тоинес, меѓународниот лидер на тимот на Цивика мобилитас. Присутните ги поздрави и амбасадорката на Швајцарија во Македонија, нејзината екселенција **Сибил Сутер Техада**. „За нас, **децентрализацијата е двостран пристап**

, прво, децентрализација на власта, односно споделување на одговорностите меѓу централната и локалната власт и, второ,
**децентрализација на граѓанскиот сектор**
. Ако сакаме да имаме силно граѓанско општество, придобивките од него треба да ги донесеме во секој дел од земјата. Овој форум е доказ за тој пристап“, рече таа.
Амбасадорката Техада додаде и дека
**децентрализацијата ќе стане уште поважно прашање во светлото на пристапувањето на Македонија во ЕУ**
и дека се надева дека швајцарската поддршка ќе претставува дополнителна вредност во тој процес.




Говорниците во првиот панел се осврнаа на прашањата до каде е процесот на децентрализација и како да се обезбеди порамномерен развој на регионите и поефикасна, поинклузивна и потранспарентна локална самоуправа. **Дејан Павлески, заменик министерот за локална самоуправа**
им се заблагодари на организаторите за тоа што ја држат актуелна дебатата за

децентрализацијата во Македонија. Тој истакна дека процесот на префрлање на надлежности до централната на локалната власт треба да биде следен со финансиска поддршка за тие надлежности.
**Градоначалникот на Велес, Аце Коцевски**
истакна дека
**Македонија се уште нема вистински однос кон локалната самоуправа**
, тоа го покажува и изборот на министри за локална самоуправа. „Би сакал новата Влада на чие чело е поранешниот градоначалник на Струмица да почне да работи на новите решенија за локалната самоуправа, тие што им ги ветивме на граѓаните и за што ја добивме нивната доверба“, рече Коцевски. Според него,
**реформите треба да продолжат во три правци**
: 1) нов пакет на децентрализирани надлежности; 2) финансиски реформи и 3) прилагодување на организациската поставеност.




За регионалниот рамномерен развој зборуваа **Рамиз Реџепи, директор на Бирото за регионален рамномерен развој и Драгица Здравева, раководител на Центарот за**

**развој на источниот плански регион** .
Според Реџепи, сегашното распределување на
**4,5 % од ДДВ на сметките на општините**
, би требало да порасне и
**да биде барем 10%**
. Во врска со
**персоналниот данок**
, од кој општинските буџети добиваа 3%, директорот Реџепи смета дека тој
**100% треба да оди кај општините**
. „Не можеме да зборуваме за политика на рамномерен регионален развој туку само за регионален развој“, рече Здравева. Според неа, на новата владата треба да и биде приоритет децентрализацијата и реформите во локалната самоуправа. Вториот панел беше посветен на (де)централизираниот развој и влијание на граѓанското општество во Македонија. Претставниците на општините Долнени и Кавадарци зборуваа за нивните искуства. „Нашиот проблем е малиот број на граѓански организации на територијата на општината“, рече Ајша Муаремоска Топалоска од општина Долнени.



Според **Тодор Ефремов, од општина Кавадарци**, нивната соработка со граѓанските организации е многу добра. Од пред некое време,
**општината почесто ги консултира ГО и во согласност со можностите се прилагодува на нивните барања**
. Едно од нив е зголемувањето на висината на грантовите за ГО. Според
**Астрид Реџепи од Центарот за едукација и развој**
, децентрализацијата треба да се спушти едно ниво подолу – на месната самоуправа. „Скинавме патики“ рече Реџепи алудирајќи на бројните посети на терен, „ама
**одблиску ги видовме проблемите на населението**
. Од нив, најголем е проблемот со партизираноста на месните и урбаните заедници. Видовме
**ниски капацитети но, голема волја за работа**
која треба да ја искористат не само граѓанските организации туку и општините“, додаде тој. Според Лилјана Јоноски од Рурална коалиција од Куманово, на граѓаните им треба едукација за тоа што претставува процесот на покренување граѓанска иницијатива. Последниот панел беше посветен на децентрализацијата и унапредувањето на правата на заедниците на локално ниво преку Комисиите за односи меѓу заедниците за која зборуваа Рубин Земон, посебниот советник за развој на мултикултурно општество, интеркултурализам и интеркултурни комуникации во кабинетот на Премиерот и Арбен Таравари, градоначалникот на Гостивар.

